Република Северна Македонија -Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-178/7
05.04. 2023 год. viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Друштво за инжинеринг,проектирање
и услуги ФИЛИАН ДООЕЛ
Бр. 0302-18/23
05.04. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за вршење на Стручен технички надзор над изведба на градежни објекти

**СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ:**

1. Општина Арачиново со седиште на адреса: ул.“14“ бр.15 - Арачиново, со ЕДБ 4033004100018 и ЕМБС 6020356 застапувана од Градоначалникот на Општина Арачиново, Ридван Ибраими, како НАРАЧАТЕЛ и
2. Друштво за инжинеринг, проектирање и услуги ФИЛИАН ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. “Михаил и Ефтихиј“ бр.12-17, Скопје, со ЕДБ 4058009501285 и ЕМБС 6485332 претставувано од Директорот Љупчо Мијајлевски, како ИЗВРШИТЕЛ.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е: Стручен технички надзор над изведба на градежни објекти. Предметот на овој договор е во согласност со Одлуката за јавна набавка број 13-178 од 15.03.2023 година со понудата од 17.03.2023 година односно конечната цена за извршување на договорените активности по одржаната е-аукција на ден 30.03.2023 година.

**Член 2**

Вршењето на Стручен надзор ги опфаќа следните активности:

1. Стручен надзор по позиции на изградбата, следење на извршувањето на работите со увид на техничката исправност, односно увид на квалитетот и квантитетот на извршените работи.

2.Контрола и поверување на:

- Градежен дневник и Градежна книга
- Атести на материјали
- Времени ситуации
- Конечна пресметка за чинење на објектот

**Член 3**

Одговорни лица за извршување на стручниот надзор ќе бидат лицата определени од страна на извршителот за што за истото ќе го информира нарачателот во примерен рок.

**ЦЕНА**

**Член 4**

Цената за извршување на договорените активност изнесува **1,84%** од вредноста на градбата, без пресметано ДДВ.
Конечната цена не треба да ја надмине проценетата вредност од 300.000,00 денари, во цената не е пресметан ДДВ-то со износ од 18%, што се искажува при фактурирањето односно 354.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**РОК**

**Член 5**

Рокот за вршење на Стручен технички надзор над изведба на градежни објекти е 24 месеци почнувајќи од денот на потпишувањето на овој договор.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 6**

Начин на плаќање се врши преку жиро сметка на извршителот на услугата, Друштво за инжинеринг, проектирање и услуги ФИЛИАН ДООЕЛ Скопје: 300000002931473 Комерцијална банка АД скопје

**Член 7**

Плаќањето ќе се врши по фактура што ИЗВРШИТЕЛОТ ќе ја достави на НАРАЧАТЕЛОТ, а истата треба да се плати во законски рок.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

НАРАЧАТЕЛОТ има обврска да ја достави сета потребна документација за извршување на работите за кои претходно го известил надзорниот орган.

**Член 9**

ИЗВРШИТЕЛОТ има обврска на барање на НАРАЧАТЕЛОТ да го информира за текот на работите.

**Член 10**

Споровите по овој договор ќе се решаваат спогодбено или пред надлежен суд.

**Член 11**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

| | |
|---|---|
| **Општина Арачиново** | **ФИЛИАН ДООЕЛ Скопје** |
| **Градоначалник** | **Директор** |
| **Ridvan Ibraimi** | **Љупчо Мијајлевски** |
| ______________ | ______________ |
| **Нарачател** | **Извршител** |